# Број 13

# 27.10.2023 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

ОКТОМВРИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 27.10.2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ

За објавување на акти од 28.седница
на Советот на Општина Делчево

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево, актите донесени на 28.седница која се одржа на 27.10.2023 година и тоа:

1. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2022/2023 ;

2. **Заклучок** за усвојување на Годишна програма за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за 2023/2024 ;

3. **Одлука** за финансиска помош по барање број 09-2122 од 20.10.2023 година;

4. **Заклучок** за неусвојување на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2023 година.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 2164/1
27.10.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски, с.р.

1. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“), Советот на Општина Делчево, на својата 28. редовна седница, одржана на ден 27.10 . 2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на**
**ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2022/2023**

1. Се усвојува Годишниот извешта за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитна 2022/2023 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2155 / 1
27.10.2023 год.
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов с.р.

**2.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ 13/2015, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 28.редовна седница, одржана на ден 27.10. 2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма за работа на**
**ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за учебната 2023/2024**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за учебната 2023/2024 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2156 /1
27.10. 2023 год.
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

**3.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-2122/1 од 20.10.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 28.седница, одржана на ден 27.10.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по Барање 09-2122/1 од 20.10.2023 година**

Член 1
Се одобрува парична помош во износ од 30.000 денари на Ѓорѓи Марковски од с.Тработивиште.

Член 2
Средствата ќе бидат исплатени на име Ѓорѓи Марковски на трансакциска сметка 300057024072043, Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3
Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 2157/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**27.10.2023 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**4.**Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор(Службен весник на Република Македонија бр.27/2014 и 198/2018), а согласно член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/2014 и 11/2018),Советот на Општина Делчево , на својата 28. редовна седница, одржана на ден 27.10. 2023 година , донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За неусвојување на Измена на Годишен план за вработување**
**на “ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2023 година**

1. Советот на Општина Делчево на 28.седница одржана на2 7.10.2023 година, донесе **Заклучок за неусвојување** на Измената на Годишниот план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за 2023 година бр.01-388/1 од 06.10.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 2158 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**27.10.2023 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**